ФЗОРСМ
FSSHRMV

Арх. бр. 15 - 26837/1
Дата: 1 -12- 2025
Скопје

До Сите ПЗУ ординации со договор со ФЗО во РСМ

- За Матичните лекари и нивните замени

**Предмет: Известување со барање**

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување е загрижен поради нерационалната употреба на антибиотиците и повисоката стапка на антимикробна отпорност (АМО), со се почесто присуство на отпорни соеви на бактерии кон антибиотици, како во светот, така и во Македонија.

Анализите покажуваат дека сме во групата европски земји со повисока потрошувачка на антибиотици, што подразбира поголем здравствен и финансиски ризик од непотребното изложување на трошоци на пациентите и здравствениот систем.

До Фондот, за 2024 година, се фактурирани 1,73 милиони рецепти во износ од 315 милиони денари (околу 5 милиони евра) само за антибиотиците издадени на рецепт во ПЗУ аптеките на товар на Фондот.

Потрошувачката на антибиотици на рецепт на товар на Фондот достигна 17 дневни дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден, односно околу 30.000 осигурени лица секој ден користеле антибиотик што им бил пропишан на рецепт од матичен лекар или негова замена.

Најиздавани антибиотици на рецепт на товар на Фондот во ПЗУ аптеките, како и годините наназад, се генериките: Amoxicillin+clavulanic acid, Azithromycin, Cefixime и Ciprofloxacin, а особено загрижува зголеменото пропишување на антибиотици од групата за надзор (Watch група), според AWARE класификасијата на СЗО:

- Азитромицин (23% пораст или 38.961 рецепт повеќе од 2023 година),
- Цефуроксим (20% пораст или 14,553 рецепти повеќе од 2023 година),
- Цефиксим (5% пораст или 9,364 рецепти повеќе од 2023 година), и
- Кларитромицин (7% пораст или 6,798 рецепти повеќе од 2023 година).

Стручните проценки се дека е можно и оправдано **пропишувањето на антибиотиците на рецепт да се намали за 20%** со што Фондот би можел да заштеди односно да пренамени околу 1 милион евра годишно за други, реално потребни лекови за осигурениците.

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk

Според претходно наведеното, ги информираме и упатуваме барање до сите избрани (матични) лекари и нивните замени, да се обрати внимание за целосно рационално пропишување на лекови на рецепт на товар на Фондот - Антибиотици да се пропишуваат на рецепт на товар на Фондот единствено според начелата за практикување медицина базирана на докази, по реална медицинска оправданост и по најмал можен трошок за пациентите и здравствениот буџет.

Фондот продолжува со активности и мерки со цел за постапување во рамки на законските прописи и договорните одредби од склучените договори со ПЗУ, согласно начелата за здравствена и финансиска заштита на осигурениците и рационално користење и заштита на буџетските средства на Фондот.

Со почит,

ВД ДИРЕКТОР,
Сашо Клековски

Подготвил: Блерина Туши

Одобрил: Кристина Христова

Лекторирал: Виолета Ташаминов

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk